15629

pres-kliping • press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 93.
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
10. IX. 1971

ВО НОЕМВРИ ВО СКОПЈЕ

# МЕЃУНАРОДЕН САЛОН НА УМЕТНИЧКАТА ФОТОГРАФИЈА

**Под покровителство на претседателот на Собрание то на градот Драгољуб Ставрев, од 13 до 25 ноември во Скопје ќе се одржи третиот Меѓународен салон на уметничката фотографија. Организатори на оваа голема манифестација се фото, кино сојузот на Македонија, Фото клубот „Вардар“ и Музејот на современата уметност.**

Во Фото клубот „Вардар“ секојдневно пристигаат фотографиите што ги испраќаат учесниците на изложбата. Салонот ќе има два дела: црно-бели фотографии и фотографии во боја. На најдобриот странски излагач, претседателот на Собранието на Скопје Драгољуб Ставрев ќе му подари сребрен, уметнички изработен пехар. Ист таков пехар, Градската конференција на ССРН ќе му додели на најдобриот југословенски излагач. Предвидени се и низа други награди за најуспешните учесници на Салонот.

Во пораката што организаторите им ја упатија на пријателите на уметничката фотографија од целиот свет меѓу другото, се вели:

**„Во Скопје — тој чудесен крстопат и средиште на историјата и културата секогаш се чувствувал интензивниот пулс на уметноста — од антиката, преку средновековието, сѐ до неговата динамична современост: Скопје со неговата околина е вистинска ризница на непроценливи уметничко — архитектонски и ликовни дела. Раскошната и мошне разнообразна природа — од питоми полиња и бујни речни долини до вонредните планински венци и врвови, чија убавина е присутна и лете и зиме — се надополнува со неизмерното богатство на живописниот фолклор. Вашата камера одвај ќе најде попо датливи и поблагородни објекти за уметничка експресија“.**

Б. С.